**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16,132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26.10.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4677 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 октомври 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 15.08.2018 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата, донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-430, 15.08.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (17.08.2018 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 06.10.2018 година, на локално ниво (Општина Велес, Општина Чашка и Општина

Градско), е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по решението за изрекување мерка (Уп1 бр. 03-430, 15.08.2018 година), односно не ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, повторно, како и при претходниот надзор, кинематографскиот филм „Венера и Вегас" (Venus & Vegas), на 6 октомври 2018 година, беше емитуван во несоодветен период од денонокието, односно во периодот од 05:02:21 часот до 06:37:53 часот. Филмот беше означен како програма од трета категорија (програма што не се препорачува за деца под 12 години и за чие следење е неопходен надзор од родител или старател), која според член 16 од Правилникот може да се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, на 6 октомври 2018 година, кинематографскиот филм „Венера и Вегас" (Venus & Vegas) беше емитуван во несоодветен период од денонокието.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 15.08.2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***